СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата



Дирекција за тргување и девизен пазар

16 Јуни 2014

# Дневен извештај за финансиските пазари

- Аукција на МинФин
- Состанок на ФЕД во среда
- Многу строги стрес- тестови за европските банки

**Интервалутни курсеви во 09:30 ч.**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **EURUSD** | 1.3524 | **XAU** | 1283.08 |
| **EURCHF** | 1.2176 | **XAG** | 19.77 |
| **EURAUD** | 1.4393 | **Brent** | 110.78 |
| **EURGBP** | 0.7967 | **Copper** | 6725 |
| **EURJPY** | 137.74 | **Nickel** | 18030 |
| **USDJPY** | 101.84 | **Zink** | 2109 |




Оваа недела во отсуство на побитни економски показатели за Г7 земјите, вниманието на финансиските пазари ќе биде свртено кон состанокот на ФЕД во среда. Со оглед на постојаниот пад на невработеноста и зголемувањето на инфлацијата во последно време, се очекува ФЕД да има поконкретен став околу периодот кога би се започнало со зголемувањето на каматните стапки на доларот.

Во интервју за германскиот весник Süddeutshce Zeitung членот на бордот на ЕЦБ Евалд Новотни најави дека стрес- тестовите за европските банки ќе бидат многу строги, веројатно престроги. Исто така, во интервјуто тој ги избегна прашањата за најавената програма за купување на обврзници од страна на ЕЦБ, објаснувајќи дека централната банка нема да биде управувана од финансиските пазари.

Прометот на домашниот девизен пазар во петокот изнесуваше ЕУР 24 мил., а на меѓубанкарскиот пазар се тргуваше со износ од ЕУР 0,2 млн. на цена 61,70. Повторно немаше тргување меѓу маркет- мејкерите.

**Референтни каматни стапки**

| Валута 17/6 | o/n | 1 week | 1 m | 3m | 6m | 12m |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Libor USD | 0,09220 | 0,12350 | 0,15425 | 0,23210 | 0,32550 | 0,54460 |
| Libor CHF | -0,0120 | -0,0100 | -0,0070 | 0,01400 | 0,06900 | 0,18440 |
| Euribor | 0,026 | 0,079 | 0,14 | 0,234 | 0,326 | 0,507 |
| Skibor | 1,80 | 2,20 | 2,70 | 3,17 | 3,60 | 4,54 |

Филм- Второто продолжение на акционата комедија, 21 Jump Street; сега нсловено 22 Jump Street успеа да се искачи на врвот од бокс офисот во С. Америка, со заработени 60 милиони долари по првиот викенд на прикажување во кино-салите. Комедијата со Сет Роген и Ченинг Тејтум во главните улоги покрај одличната заработувачка доби и добри критики од филмските критичари, па го симна минатонеделниот шампион The Fault In Their Eyes на 4-та позиција. How To TrainYour Dragon 2 заработи само 10 милиони долари помалку од шампионот, додека пак на третата позиција падна дизниевиот Maleficent со Анџелина Џоли во насловната улога кој заработи дополнителни 19 милиони долари.

**Берзи**

| Индекси | 16/6/14 | 13/6/14 | 1/1/14 |
|---|---|---|---|
| DAX | 9912,87 | -0,26 | 4,27 |
| Dow Jones | 16775,74 | 0,25 | 1,20 |
| FTSE | 6777,85 | 0,52 | 0,72 |
| Nikkei 225 | 14879,09 | -1,11 | -8,67 |
| Hang Seng | 23287,99 | -0,10 | -0,22 |
| MBI- 10 | 1735,46 | 0,22 | 1,54 |

Тргувањето кај повеќето азиски валути и берзански индекси започна на пониско ниво во споредба со петокот под влијание на перцепцијата на финансиските пазари дека снабдувањето со нафта би можело да продолжи да се одвива со прекини со оглед на ситуацијата во Ирак. Минатата недела Брент нафтата достигна ниво од 115 долари за барел, што е највисоко ниво последниве 8 месеци. Зголемената цена на нафтата ќе предизвика зголемување на инфлацијата во азиските индустријализирани економии како Кореја, Тајван и Сингапур, како и Индија и Кина. Кина нема да биде имуна на нафтениот шок, што ќе влијае врз проектираниот годишнен пораст на економијата од 7,4%. Пазарите очекуваат натамошно олабавување на монетарната политика од страна на Peoples Bank of China, што минатите 2 недели допринесе за пад на вредноста на јуанот во однос на доларот.

Нашето МинФин објави Проспект за аукцијата која ќе се одржи утре. Понудени за продажба се 12- месечни ДЗ во износ од МКД 150,000,000 и каматна стапка од 3,60% и 5- годишни државни обврзници со принос од 4,60% и износ од МКД 110,000,000.

**10- годишни државни обврзници**

| | 10 години | |
|---|---|---|
| **земја** | **цена** | **принос** |
| **US** | 99,29688 | 2,580727 |
| **В. Британија** | 96,11 | 2,7297 |
| **Канада** | 101,655 | 2,313 |
| **Германија** | 101,35 | 1,353 |
| **Франција** | 100,3 | 0,127 |
| **Италија** | 114,765 | 2,774 |
| **Шпанија** | 109,865 | 2,65 |
| **Грција** | 81,79 | 5,811 |
| **Македонија** | 100 | 5,00 |

**Индикативни цени на државни записи на секундарен пазар**

| Датум на аукција | Ознака на аукција | Датум на доспевање | Денови до доспевање | Каматна стапка | Девизна клаузула | Куповен принос на СБ | Продажен принос на СБ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 29-Oct-13 | ДЗ2013/16а-350 | 15-Oct-14 | 143 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 25-Feb-14 | ДЗ2014/02-364 | 25-Feb-15 | 275 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 29-Apr-14 | ДЗ2014/05-182 | 29-Oct-14 | 149 | 3,15% | - | 3,15% | 3,00% |
| 29-Apr-14 | ДЗ2014/06-182dk | 29-Oct-14 | 149 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 29-Apr-14 | ДЗ2014/06а-350 | 15-Apr-15 | 317 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 6-May-14 | ДЗ2014/08-182dk | 5-Nov-14 | 156 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 6-May-14 | ДЗ2014/07-182 | 5-Nov-14 | 156 | 3,15% | - | 3,15% | 3,00% |
| 6-May-14 | ДЗ2014/07-364 | 6-May-15 | 334 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 20-May-14 | ДЗ2014/09-182 | 19- Nov-14 | 170 | 3,15% | - | 3,15% | 3,00% |
| 20-May-14 | ДЗ2014/10-182dk | 19- Nov-14 | 170 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 20-May-14 | ДЗ2014/08-364 | 21- May-15 | 352 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |

**Поважни економски индикатори за Г7 земјите**

| | | |
|---|---|---|
| 11:00 | EU | CPI |
| 15:15 | US | Industrial production |
| 15:15 | US | Capacity utilization |

За подетални информации обратете се во Дирекцијата за тргување и девизен пазар на следниве контакт лица:

Билјана Јованоска тел. 3295- 109; e- mail: biljana.jovanoska@stb.com.mk
Сашо Радевски тел: 3295- 108; e- mail: saso.radevski@stb.com.mk

Правни напомени:

Оваа публикација ја издава Стопанска Банка АД Скопје и е наменета за нејзините клиенти. Информативниот карактер на оваа публикација значи дека таа не може да служи како замена за сопствените проценки на било кој читател на оваа публикација. Информациите, мислењата, заклучоците, прогнозите и проекциите кои се изнесени во оваа публикација се засноваат на јавно достапни извори на податоци (Блумберг иРојтерс) кои Банката ги користи, но за кои не гарантира.
Според тоа, Банката не сноси никаква одговорност за бизнис одлуките на клиентите кои се базираат на оваа публикација.